Архивски број: 08-349/6
Датум: 13-06-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 349/1 од 01.04.2024 година, поднесена од со живеалиште на адреса Ул. " Скопје за сторена дискриминација врз основ на други видови уверување, личен или општествен статус, учество во синдикални активности во областа на работата и работните односи против СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.05.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на други видови уверување, личен или општествен статус, учество во синдикални активности во областа на работата и работните односи од страна на СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје кон

## Образложение

На 01.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08–349/1 од страна на подносителот , за сторена дискриминација врз основ на други видови уверување, личен или општествен статус, учество во синдикални активности во областа на работата и работните односи сторена од страна на СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје.

Подносителот на претставката наведува дека директорот на СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје го одбил неговото барање за неплатено отсуство од работа со образложение дека неговото отсуство ќе го прекине образовниот процес. Имено, директорот во 2022 и 2023 година во повеќе наврати на повеќе колеги им го овозможил правото на неплатено отсуство. На една од вработените и одобрил 2 пати неплатено отсуство, додека на друг вработен одобрил неплатено отсуство за време на учебна година. Подносителот смета дека врз него е направена дискриминација поради фактот што на него не му е одобрено барањето за неплатено отсуство со изрека дека се прекинува образовниот процес а за останатите вработени кои го искористиле тоа право, истото не претставувало проблем.

Подносителот смета дека е дискриминиран од страна на директорот на СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје поради неговото активно учество во Независен синдикат за образование и наука, а лицето пред да стане директор бил претставник и активист на друг синдикат-СОНК. Друга причина поради која смета дека брз него се вршела дискриминација е фактот што подносителот имал амбиции да се кандидира за директор на СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 10.09.2024 испрати Барање за произнесување по наводите од претставката до СУГС "Гимназија Панче Арсовски"-Скопје.

На 23.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 349/5 од СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје.

Во одговорот од СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје е наведено дека барањето за неплатено отсуство на професорот е поднесено и се однесува на период кога се распишан избори и во период на изборен процес кога се забранети постапки за вработување на нови лица, или постапка за престанок на работен однос, согласно доставено известување од Министерство за информатичко општество до Институциите од јавен сектор бр. 08-1219/2 од 26.02.2024 година. Наведуваат дека со одобрување на тоа барање директно би ги прекршиле насоките и известувањето од ресорното министерство а воедно ќе се прекине и образовниот процес, одбрана на Проектните задачи за Државната матура и нема да може да се исполни законската обврска за целосна реализација на наставата, бидејќи се на крајот од наставна година. Во однос на наводите на подносителот дека на двете вработени лица им е одобрено користење на неплатено отсуство, во одговорот не известуваат дека едното лице има користено неплатено отсуство по добиена согласност за вработување, а второто лице користело неплатено отсуство во август, период кога учениците немаат настава, со што во двата случаи нема настанато никаков прекршок ниту пак бил прекинат наставниот процес.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледувањето на претставката, достапните докази и одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти и докази дека е извршена дискриминација во областа на работа и работни односи. За да стане збор за дискриминација потребно е да се исполни условот на споредлива ситуација во која едно лице е ставено во понеповолна положба или третман кој го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови, врз некоја од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на СУГС Гимназија "Панче Арсовски"-Скопје врз основа на други видови уверување, личен или општествен статус, учество во синдикални активности во областа на работа и работни односи.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Игор Јадровски

Доставено до:

- СУГС "Гимназија Панче Арсовски -Скопје
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk